развој на ослободителната борба на македонската револуција ја назре историската неопходност за нова квалитетна преориентација на македонското ослободително движење за свртување в лево и поврзување со работничките и национално-ослободителни движења на Балканот и во светот. Димо Хаџи Димов нужното македонско единство го градеше врз најафирмативните патриотски борбени пројави од ослободителната борба на македонскиот народ од блиското минато. Меѓу нив најсветли и најинспиративни ги истакнува: Илинденскто востание и Крушевската република, револуционерните дела на Гоце Делчев, на Димитар Благоев и други моменти, настани и личности од македонското национално револуционерно движење.

Мирјана НИНЧОВСКА

**Васил ИВАНОВСКИ, ЗОШТО НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ СМЕ ОДДЕЛНА НАЦИЈА**

- Предговор, избор и редакција Иван Катарџиев, Архив на Македонија, Матица македонска, Скопје, 1995, 325 -

Во годината кога се одбележува 50-годишнината од победата над фашизмот, излезе од печат книгата на Васил Ивановски "Зошто ние Македонците сме одделна нација", собрани дела, за која изборот и предговорот ги направи Иван Катарџиев. Со книгава, за прв пат на поширoката јавност, и се презентира целокупниот творечки опус на Васил Ивановски и на истражувачите им се отвораат нови видици за да му го определат на Васил Ивановски вистинското место во македонското културно, национално, политичко и револуционерно наследство.

Во книгата покрај предговорот, дадени се избраните дела на Васил Ивановски по хронолошки ред на објавување, не по време на настанување, резиме на француски јазик, регистар на лични имиња и регистар на географски поими.

Заслужува да се истакне дека предговорот на Иван Катарџиев по својата содржина и обем претставува своевидна научна студија, во која Иван Катарџиев дава посебен осврт на моментите и условите во кои се изградила личноста на Васил Ивановски, почнувајќи од неговата најрана младост и понатаму. Освен тоа ги презентира и условите во кои настанал секој труд, расветлувајќи ја основната идеја на авторот што како нишка провејува низ содржината на сите негови трудови: да го осветли долгиот историски пат на создавање на македонската нација, да ги посочи созреа-

ните услови за решавање на македонското национално прашање од гледиште на самите Македонци кои страдаат и патат, да се разберат заблудите и фалсификатите за македонското прашање кои ги сервираа соседните пропаганди со децении наназад, да го потпомогне јакнењето на свеста кај македонскиот народ за национална посебност, за единство и изградба на единствен македонски национално ослободителен фронт. Во самиот почеток дадена е статијата "национално колонијалното угнетување во Петричко", напишана 1933 година, а објавена 1934 година во весникот "Македонско знаме". Во статијата авторот поставува прашање: Дали во Македонија под бугарска власт има елементи на национално колонијален гнет? Самиот тој дава одговор на прашањето, поткрепен со факти. Ги наведува трите белези карактеристични за национално колонијалното угнетување: туѓа експлоатација, присуство на туѓи вооружени сили, и насилна асимилација. Со статијата всушност се потврдува постоењето и посебноста на македонската нација што предизвикало реакции кај бугарските власти. Реакциите не изостанале ни кај приврзаниците на македонското национално револуционерно движење, кои по тоа прашање имале до тогаш колеблив став.

Колебањата и отпорот на власта, доаѓаат до израз по појавата на брошурата "За идеите и задачите на македонското прогресивно движење" објавена во 1933 година. Во брошурата се поместени повеќе поднаслови: појава на македонското прогресивно движење; карактер, тактика и цел на македонското прогресивно движење; две различности на врховизмот; структура на македонското прогресивно движење; и за работата на македонското прогресивно движење. Од брошурата заслужува да се истакне констатацијата на Васил Ивановски дека "македонското прогресивно движење не е никаков одсек од класното работничко движење, туку е самостојно национално движење кое не е комунистичко, и по својот состав и карактер е демократско (народно)... кое не воспитува омраза кон сè што не е македонско, туку напротив,... македонското прогресивно движење влегува во сојуз со другите национално поробени народи, но си ја зачувува својата самостојност. Македонското прогресивно Движење се бори за национално ослободување на Македонија, и обединување на целиот македонски народ во економска формација, за која ќе се определи самото македонско население по своето национално ослободување".

Констатацијата на Васил Ивановски за посебноста на македонската нација потврдена со претходните дела, се надополнува и со појавата на статијата "Зошто ние Македонците сме одделна нација". Во статијата тој постоењето на македонската нација го објаснува и потврдува согласно со Марксистичко-Ленинистичката теорија за нацијата, надополнета со постоењето на македонската историја, како елемент со кој се дооформува и доопределува самиот карактер на македонската нација. Васил Ивановски го споменува и јазикот, како елемент со којшто се определува национал-

ната посебност на еден народ. “Јазикот на луѓето што ја сочинуваат македонската нација е словенски со посебен дијалект-македонски, по кој Македонецот се разликува од Србинот, Бугаринот, Русинот и од било кој друг човек од словенската нација”.

Она што со право може да се нарече прва модерна историја на македонскит народ од век, кога всушност и треба да се бараат корените на македонската нација, па сè до периодот на НОБ, 1944 година, е ракописот на Васил Ивановски, “Македонското прашање во минатото и сега”. Трудот е напишан во 1943-1944 година, во затворската ќелија во Идризово, за потребите на политичките затвореници во Идризово за идејно, политичко, општо-културно и историско образование. Ракописот е поделен на глави и подглави: Што е нација; Предисторија и историски корени на македонската нација; македонската национална преродба во 18 и 19 век; Борбата за културна и духовна слобода; Борбата за политичка слобода: ВМРО и Илинденскто востание; Војните во текот на 1912-1918 година; Новата македонска преродба; Втората светска империјалистичка војна и македонското прашање; Поставување на македонското прашање и негово решавање.

Решавањето на македонското прашање претполага ослободување и обединување на македонскиот народ. Ова прашање е всушност разработено во статијата “За соединување на македонскиот народ”. Во статијата тој не го крие своето воодушевување од историските одлуки на првото заседание на АСНОМ, со кои се поставија темелите на новата држава, која се простира на само еден дел од територијата населена со македонци. Од тука и загриженоста на Васил Ивановски за судбината на Македонците во Егејсиот и Пиринскиот дел од Македонија, кои не добиле државност и треба своите дејствија да ги насочат во отој правец, и да земат масовно учество во антифашистичката борба во Бугарија и Грција со надеж дека на тој начин ќе се стигне до обединување.

Изборот на дела од творештвото на Васил Ивановски, Иван Катарџиев го заокружува со брошурата “Актуелните прашања во Македонија”. Брошурата всушност е рефератот на Васил Ивановски поднесен на Конгресот на Бугарската демократска младина, а издаден од Централната младинска комисија при Македонскиот нациналеn комитет, да им послужи на делегатите како четиво да се запознаат актуелните пробеми на борбата на македонскиот народ.

Заслужува да се потенцира напорот на Иван Катарџиев, за објавување на книгата, Зошто ние Македонците сме одделна нација, зошто објавувањето на истата има своја историска оправданост, и по своето значење и грандиозност претставува фундамент за јакнење на националното чувство кај Македонците, денес кога живееме во независна и суверена Македонија, кога националната тензија е зголемана и кога национал-

измот беснее на Балканот. Ова претходно кажаното, само уште еднаш ја потврдува историската оправданост и неопходност од една ваква книга.

Љубица ГОНЕВА

## ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ И НЕПОЗНАТИ УЧЕСНИЦИ ВО МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје 1995, 177.

Во издание на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија во 1995 година од печат излезе Зборникот на трудови под наслов: "Помалку познати и непознати учесници во македонското ослободително движење во XIX и почетокот на XX век". Во него се објавени реферати и соопштенија што беа поднесени на научниот собир, одржан во с. Горно Врановци во декември 1991 година, организиран од Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија.

Раководејаќи се од фактот што нашата национална историја обилува со настани и личности за кои македонската историографија ни приближно доволно не се искажала, овој Зборник е посветен токму на такви личности - помалку познати и непознати учесници во Македонското ослободително движење во XIX и почетокот на XX век. Затоа, овој Зборник заслужува од повеќе причини да и се претстави на пошироката јавност, бидејќи тој е прв од ваков вид напишан во македонската историографија.

Концепциски, научните прилози во Зборникот, можат да се поделат на неколу тематски целини. Првата тематска целина ги опфаќа научните прилози што се посветени на ајдутските црковно-просветните и преродбенски личности почнувајќи од XVIII до крајот на XIX век, како што се: свештеникот Спасе Игуманов, Иван Стојков од Кочани, Методиј Јовче Кусев, поп Христо Поп Стефанов од Крушево, Јанакија Стрезов од Охрид и други.

Втората и најголема тематска целина е посветена на помалку познати, но активни и значајни личности, учесници во македонкото национално ослободително движење во предилиденскиот, во илинденскиот и во постилиденскиот период од историјата на македонскиот народ.